**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27. 11. 2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6793 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДООЕЛ Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот:** 5 ноември 2015 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 ноември 2015 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 12 од Законот за медиуми** (Импресум);

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 07.09.2015 година, за непочитување на член 12 од Законот за медиуми, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-1003, 07.09.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДООЕЛ Тетово.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:** Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДООЕЛ Тетово, емитуван на 5 ноември 2015 година, на државно ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) во целост постапил по решението, односно ја отстранил извршената повреда на член 12 од Законот за медиуми.

8. **Опис на прекршувањето:/**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***